Државно средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“- Штип

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**НА ДРЖАВНОТО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И РЕХАБИЛИТАЦИЈА „ИСКРА“ - ШТИП**

**ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА**

**Штип, јануари, 2025 год.**

Извештајот е направен врз основ на увидот во Годишната програма, наставните планови, увидот во е-дневник, дневникот за воспитна работа, како и преку разговори со предметните наставници, воспитувачите, стручната служба и директорот.

## 1. ВОВЕД

Полугодишниот извештај претставува преглед за работа на Државното средно училиште за образовние и рехабилитација „Искра“ од Штип кој има за цел да ги истакне извршените работни задачи на училиштето во текот на првото полугодие, но и да го посочи слабостите и причините за не реализирањето на одредени планирани активности.

Целите и задачите кои беа поставени со Годишната програма за работа на училиштето во смисла на создавање и обезбедување на оптимални услови за успешно образование, воспитание и рехабилитација во учебната 2024/2025 година, во текот на првото полугодие беа реализирани како во квантитативна така и во квалитативна смисла.

Во учебната година 2024/2025 година ДСУ „Искра“ Штип својата работа како дел од целокупниот воспитно-образован систем на РСМ, ја реализираше одговорно и совесно преку соодветно планирање, програмирање, евалуирање и евидентирање на истата. Постигнатите резултати ќе бидат прегледно презентирани во натамошниот текст на извештајот.

Полугодишниот извештај на училиштето исто така овозможува сумирање на позитивните резултати од секојдневната работа како и согледување на одредени слабости, со цел подобрување на соработката со

семејството и пошироката локална средина, здобивање со нови знаења, вештини и навики, развивање кај учениците и вработените свест за општествена одговорност и активно вклучување во општествениот живот, развивање смисла за прифаќање, доживување и вреднување естетски вредности, изградување на хумани односи меѓу половите и правилен однос спрема животната средина и др.

### 1.1.Податоци за училиштето

| **Име на училиштето** | **Државно средно училиште за образование и рехабилитација ,,Искра,,** |
|---|---|
| **адреса, општина, место** | **,,Рибник,, бр.14 Штип** |
| **телефон** | **078 474-072** |
| **фах** | **032-308-044** |
| **е-маил** | **dsuiskra@yahoo.com** |

Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ - Штип е средно училиште со ученички дом за ученици со посебни образовни потреби.

Право на образовение во ДСУ„Искра“ Штип го стекнуваат ученици со:

- Завршено основно образование во основни училишта за ученици со пречки во развојот и посебни образовни потреби;

- Завршено основно образование во редовни паралелки со препорака – наод и мислење од страна на надлежни институции и МКФ.

- Ученици со препорака од Завод за ментално здравје со право за рехабилитација и

Суштината на постоењето на ДСУ„Искра“ Штип е од посебен интерес на републиката таа е единствена институција од ваков вид во источниот дел на Р.С. Македоноија за згрижување, воспитание, образование и рехабилитација на ученици, младинци со пречки во развојот и посебни образовни потреби.

### 1.2.Структура на вработени

Работата на училиштето ја релизираат вкупно 40 вработени лица. Технички персонал 8 лица, администрација 1 (технички секретар), стручни соработници 5 (2 специјални едукатори и рехабилитатори, 2 психолози и 1 социјален работник), директор 1, 18 наставници од различни профили со соодветна теоретска и стручна наобразба за секој наставен предмет и 7 воспитувачи.

| | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | М | ж |
| **Број на вработени** | 40 | 16 | 19 | | | | 1 | | | 2 | 2 |
| **Број на наставен кадар** | 18 | 8 | 8 | | | | | | | 1 | 1 |
| **Број на воспитен кадар** | 7 | 3 | 2 | | | | 1 | | | | 1 |
| **Број на стручни соработници** | 5 | | 5 | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 8 | 4 | 3 | | | | | | | 1 | |
| **Директор** | 1 | 1 | | | | | | | | | |

**Табела бр. 1 Етничка и полова структура на вработените**

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВА

Наставата се организира и реализира по адаптирани наставни планови и програми за работа изработени од страна на БРО на ниво на втор степен на стручна подготовка. Образованието е во траење од три години во четири струки: машинска, графичка, текстилна и земјоделско-ветеринарна, каде што учениците се здобиваат со следниве квалификации:

- **машинска струка – помошник бравар – лимар**
- **графичка струка – помошник книгоповрзувач – картонажер**
- **текстилна струка – помошник конфекционер**
- **земјоделска–ветеринарна струка – помошник во растително производство**

Учениците со потешкотии во учењето и намалени моторни способности се вклучуваат во работно оспособување кои работат според наставни планови и програми за работно оспособување во постоечките струки. Образованието за оваа категорија на ученици трае до 24 месеци.

### 2.1 Организациаја на редовна настава

Првото полугодие во ДСУ,,Искра,,- Штип започна на 02.09.2024 год. со физичко присуство, а заврши на 31.12.2025 год. Наставата се реализира на македонски наставен јазик и се изведува во две смени. Смените се менуваат секоја недела.

Во ДСУ,,Искра“ - Штип во учебна 2024/25 година 18 наставици ја реализираа наставата, од кои 11 наставници на неопределено време, 5 наставника на определено време и 2 наставници потполнуваат од други училишта ( ликовна уметност и спорт и спортски активности).

## 2.2 Ученици

Во учебната 2024/25 г. вкупен број на запишани ученици е 60, распоредени во 4 (четири) струки машинска, текстилна, графичка и земјоделска-ветеринарна струка и 2 (две) паралелки во работно оспособување.

Од вкупниот број на ученици запишани во учебаната 2024/25 година 16 ученици се во прва година, 24 ученици во втора година и 19 ученици во трета година. Двајца од учениците поради лични причини се самоиспишани,.

| | **Вкупен број на ученици по паралелки** | | | **Вкупен број на ученици** | **Самоиспишани испишани** |
|---|---|---|---|---|---|
| **струка** | **I** | **II** | **III** | | |
| **машинска** | 3 | 5 | 6 | 14 | 1 |
| **текстилна** | 4 | 5 | 5 | 14 | 1 |
| **графичка** | 3 | 5 | 3 | 11 | |
| **земјоделска-ветеринарна** | 4 | 5 | 5 | 14 | |
| **Р.О.** | 2 | 3 | | 5 | |
| | **16** | **23** | **19** | **58** | **2** |

**Табела бр.2 Вкупен број на ученици запишнни во учебната 2024/25 год.**

## Успех на ученици во прво полугодие за учебната 2024/25год.

| | Вкупен број на ученици | паралелки | Вкупен број на ученици на **прво полугодие** (по паралелки) | **одлични** | **мн.добри** | **добри** | **доволни** | **неоценети** | **Самоотпишани отстранети** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машинска | 15 | **I** | 4 | **2** | **1** | | | | **1** |
| | | **II** | 5 | **3** | **2** | | | | |
| | | **III** | 6 | **1** | **2** | **3** | | | |
| Графичка | 11 | **I** | 3 | **2** | | **1** | | | |
| | | **II** | 5 | **4** | | **1** | | | |
| | | **III** | 3 | **3** | | | | | |
| Текстилна | 15 | **I** | 4 | | **3** | **1** | | | |
| | | **II** | 6 | **4** | **1** | | | | **1** |
| | | **III** | 5 | **2** | **1** | **2** | | | |
| Земјоделска ветеринарна | 14 | **I** | 4 | **3** | **1** | | | | |
| | | **II** | 5 | **3** | **2** | | | | |
| | | **III** | 5 | **2** | **3** | | | | |
| Р.О. Земјоделска | 2 | **I** | 2 | | | | | **Описно се оценуваат** | |
| Р.О. Графичка | 3 | **II** | 3 | | | | | **Описно се оценуват** | |
| **Вкупен број на ученици** | **60** | **14** | **60** | **29** | **16** | **8** | **2+3(описно оценети) 5** | | **2** |

**СОЦИЈАЛНА СТРУКТУР НА СЕМЕЈСТВАТА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО ДСУ ,,ИСКР“ - ШТИП во учебната 2021/22г.**

| Број на членови на семејствата | | | | | | | | | вработени двајца родитела | Вработен еден родитела | Семејства земјоделци | Невработени родители | Пензионери | Разведени родители | Починати родители | Семејства со два родитела | Семејства со еден родител | Ученици под старателство | Семејства со 2 и повеке деца со пречки во развој | Ученици корисници на стипенди | Семејства корисници на ГМП | Ученици корисници на Образовен Додаток | Општина Штип | Општина Неготино | Општина Кочани | Општина Велес |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 член | 2 члена | 3 члена | 4 члена | 5 члена | 6 члена | 7 члена | 8 члена | 9 члена | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| / | 4 | 10 | 12 | 12 | 5 | 1 | / | 1 | 12 | 14 | 3 | 16 | 3 | 8 | 6 | 32 | 14 | 2 | 3 | 31 | 10 | 17 | 14 | 4 | 7 | 4 |

**Табела бр.4 Социјална структура на семејствата на учениците**

Во учебната 2021/2022 година во Државното средно училиште за образование и рехабилитација „Искра“ Штип, посетуваат редовна настава 48 ученика од општини претежно од Источниот дел на

Републиката. Од табелата може да се виде дека 25 %од семејствата се четиричлено, 25% од семејствата се петчлено, 33,3% од семејствата родителите се невработени, 29% вработен еден од родителите, 25 % вработени двата родитела, 16,6% се разведени родителите, 12,5% починати родители, 66,6 % од учениците се со два родитела, 29,1 % од учениците се со еден родител, 4,1 % од учениците се под старателство, 6,25% од семејствата имаат по и повеке деца со хендикеп, 20,8 % од семејствата корисници на ГМП, 35 % од учениците корисници на ОД , 64.5% од учениците се корисници на ученички стипендии, најголем број ученици односно 29,1% се од Штип, потоа Кочани со 14,5%, Неготино со 8 % и други општини од источниот дел од Републиката

Во учебната 2024/2025 г. во ДСУ„Искра“ Штип со право на престој, образование, воспитание и рехабилитација се здобија 60 ученици од 14 општина од Републиката: Пехчево, Делчево, Струмица, Радовиш, Кавадарци, Кочани, Неготино, Велес, Конче, Свети Николе, Градско, Штип, Пробиштип и Кратово.

## 2.2.1. Успех на учениците во I тромесечие

### Просечен успех по наставни предмети во I  (прво) тромесечје за учебната 2024/25

| | Општообразовни предмети | паралелки | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I Т | II Т | III Т | I М | II М | III М | I Г | II Г | III Г | I З | II З | III З |
| 1 | Македонски јазик | 4 | 4 | 4 | 4,6 | 3,8 | 3,5 | 4,5 | 3,5 | 3,75 | 4.5 | 3 | 4 |
| 2 | Математика | 4,25 | 4 | | 3,6 | 3,8 | | 4 | 3,5 | | 4,5 | 3 | |
| 3 | Спорт и спортски активности | 4 | 4,5 | 4 | 4,3 | 3,8 | 5 | 3,75 | 4 | 4,25 | 4,5 | 3 | 4 |
| 4 | Музичка уметност | 5 | | | 5 | | | 5 | | | 5,00 | | |
| 5 | Ликовна уметност | 4 | | | 4,3 | | | 4,75 | | | 4,5 | | |
| 6 | Граѓанско воспитание | | 4,25 | 4 | | 3,6 | 5 | | 3,5 | 3,75 | | 3 | 4 |

## Просечен успех по наставни предмети во I  (прво) полугодие за учебната 2024/25

| | Општообразовни предмети | паралелки | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I T | II T | III T | I M | II M | III M | I Г | II Г | III Г | I З | II З | III З |
| 1 | Македонски јазик | 4,20 | 4,8 | 4,2 | 4,6 | 4,2 | 4.0 | 4,33 | 4.4 | 5,00 | 4.5 | 4,6 | 4.4 |
| 2 | Математика | 4,00 | 4.8 | | 4,3 | 4,2 | | 4 | 4.6 | | 4,5 | 4,2 | |
| 3 | Спорт и спортски активности | 4,30 | 4,8 | 3,8 | 4,3 | 5,0 | 3,66 | 4,33 | 4.6 | 5,00 | 5,00 | 4.8 | 4,4 |
| 4 | Музичка уметност | 5,00 | | | 5.00 | | | 5 | | | 5,00 | | |
| 5 | Ликовна уметност | 4.30 | | | 4,6 | | | 4,66 | | | 4,75 | | |
| 6 | Граѓанско воспитание | | 4,8 | 4,2 | | 4.2 | 3,66 | | 4.40 | 4,33 | | 4.8 | 4 |

| | Стручни предмети | Земјоделска струка<br>Среден успех по стручни предмети по паралелки | | |
|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III |
| 1 | Хигиена и здравствено воспитание | **5** | | |
| 2 | Основи на растително производство | **5** | | |
| 3 | Практична настава | **4,5** | **3** | **4** |
| 4 | Земјоделска техника | | **3,5** | |
| 5 | Технологија на растително произвоство | | **3,5** | **4,5** |

**Прво полугодие**

| | Стручни предмети | Земјоделска струка<br>Среден успех по стручни предмети по паралелки | | |
|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III |
| 1 | Хигиена и здравствено воспитание | **4,75** | | |
| 2 | Основи на растително производство | **5** | | |
| 3 | Практична настава | **5.00** | **4,6** | **4.4** |
| 4 | Земјоделска техника | | **4,8** | |
| 5 | Технологија на растително произвоство | | **4,8** | **4.6** |

## Прво тромесечје

| | Стручни предмети | Машинска струка<br>Среден успех по стручни предмети по паралелки | | |
|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III |
| 1 | Технологија на обработка | **4,5** | **3,6** | |
| 2 | Машински елементи со техничко цртање | **4,5** | **3,2** | |
| 3 | Практична настава | **5** | **2,8** | **3** |
| 4 | Технологија на лимарство | | **3,6** | **3,25** |

## Прво полугодие

| | Стручни предмети | Машинска струка<br>Среден успех по стручни предмети по паралелки | | |
|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III |
| 1 | Технологија на обработка | **4,3** | **4.** | |
| 2 | Машински елементи со техничко цртање | **4,3** | **4** | |
| 3 | Практична настава | **4,6** | **4,2** | **3,5** |
| 4 | Технологија на лимарство | | **4,** | **3,66** |

## Прво тромесечје

| | Стручни предмети | Текстилна струка<br>Среден успех по стручни предмети по паралелки | | |
|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III |
| 1 | Технологија на текстилот | **3,5** | | |
| 2 | Текстилни суровини | **2,7** | **3,2** | |
| 3 | Практична настава | **3,5** | **4,5** | **4,6** |
| 4 | Технологија на конфекционирање | | **3,7** | **4** |

## Прво полугодие

| | Стручни предмети | Текстилна струка<br>Среден успех по стручни предмети по паралелки | | |
|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III |
| 1 | Технологија на текстилот | **3,5** | | |
| 2 | Текстилни суровини | **3.5** | **4.8** | |
| 3 | Практична настава | **3,5** | **4,8** | **4,0** |
| 4 | Технологија на конфекционирање | | **4.8** | **4,0** |

## Прво тромесечје

| | Стручни предмети | Графичка струка<br>Среден успех по стручни предмети по паралелки | | |
|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III |
| 1 | Технологија на графичко производство | **4,5** | | |
| 2 | Графички материјали | **4,5** | **4** | |
| 3 | Практична настава | **4,5** | **4** | **4,25** |
| 4 | Технологија на книгоповрзување и картонажерство | | **4** | **4,75** |

## Прво полугодие

| | Стручни предмети | Графичка струка<br>Среден успех по стручни предмети по паралелки | | |
|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III |
| 1 | Технологија на графичко производство | **4,33** | | |
| 2 | Графички материјали | **4,33** | **4,6** | |
| 3 | Практична настава | **4,33** | **4,6** | **4.66** |
| 4 | Технологија на книгоповрзување и картонажерство | | **4,6** | **5.00** |

**Табела бр. 5**

Во однос на постигањата на учниците од табелите може да се забележи дека иазначителен напредок во однос на успехот на учениците по сите предмети.

За оцената на ученикот наставникот го известува Наставничкиот совет на крај на прво тримесечие и прво полугодие . Во текот на првото полугодие се изречени две  педагошки мерки.

## 2.2.2 Успех на учениците на крајот на прво полугодие

Сите ученици се оценети на крајот на прво полугодие. Успехот на учениците задоволува.

| | **среден успех по паралелки** | | |
|---|---|---|---|
| **струки** | **I** | **II** | **III** |
| **машинска** | 4.50 | 4.20 | 3.50 |
| **текстилна** | 3.70 | 4.80 | 4.10 |
| **графичка** | 4.20 | 4.50 | 4.80 |
| **земјоделска-ветеринарна** | 4.80 | 4.50 | 4.40 |

**Табела бр. 6 Среден успех по паралелки**

Најдобар успех по пареалелки покажуваат учениците од прва земјоделска, втора текстилна и трета графичка 4.80. додека Среден успех на училиштето во првото полугодие е 4.40

| струки | Успех на учениците по паралелки | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | одлични | | | мн.добри | | | добри | | | доволни | | |
| | I | II | III | I | II | III | I | II | III | I | II | III |
| машинска | 2 | 2 | 1 | | | | | 3 | 3 | | | 1 |
| текстилна | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | | 1 | 1 | | | |
| графичка | 3 | 2 | 2 | 1 | | 1 | | 2 | 1 | | | |
| земјоделска - ветеринарна | 2 | | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | | 1 | | |

**Табела бр. 7 Успех на учениците по паралелки во I полугодие**

Учениците од работно оспособување се оценуваат описно.

| ИЗОСТАНОЦИ во прво тромесечје | | |
|---|---|---|
| **оправдани** | **неоправдани** | **вкупно** |
| **158** | **1** | **159** |

| ИЗОСТАНОЦИ во прво полугодие | | |
|---|---|---|
| **оправдани** | **неоправдани** | **вкупно** |
| **232** | **2** | **234** |

## 3. ВОСПИТНА РАБОТА

Во Државното средно училиште за образованиени рехабилитација ,,Искра,, – Штип, покрај образовната, заради постоење на ученичкиот дом се спроведува и воспитна работа. Програмата за воспитна работа се темели врз Планот и Програмата за воспитно образовната дејност во ученичките домови изготвена од Бирото за развој на образованието.

Ученичкиот дом во кои се сместени ученици со пречки во психофизичкиот развој  е општествено организирана воспитна организација која со својата дејност обезбедува остварување на основните егзистенцијални услови за образование и воспитание на учениците надвор од местото на живеење.

Основна задача е да се воспитуваат и образуваат учениците и во посебни услови на домски живот, со соодветни содржини да влијаат врз севкупниот физичко-здравствен, спортски, рекреативен, работен, образовен и општествен живот на домците. Задоволувајќи ги основните потреби на учениците, укажувајќи им помош во учењето и создавајќи услови и можности за рационално користење на слободното време, домот всушност овозможува услови за слободен развиток на младата личност и за развивање на хумани односи меѓу луѓето.

Во ученичкиот дом во 2024/2025 год. се сместени 32 ученици од 21 општина од државата. Воспитната работа е конкретизирана со Програмата за работа на воспитувачите, ја реализираат седум воспитувачи со висока стручна подготовка, кои работат во три смени.

Учениците се поделени во седум воспитни групи, до 10 ученици различни по возраст пол и струка. Воспитувачите освен со учениците од сопствената воспитна група, работат на секојдневните проблеми и со останатите ученици.

Во првото полугодие во учебната 2024/25 година воспитувачите реализирале: 105 задолжителни занимања, 85 индивидуални разговори, 80 разговори со родителите, 21состанок со воспитна група, 2 родителски средби, 5 ученици со редовна терапија, 1 упатување на лекар, 11 забавни и едукативни вечери, 1 приредба, 5 спортски активности надвор од Општина Штип, 21 прошетки до блиската околина и 2 педагошка мерка изречена за Мартин Киров и Иван Димитриев

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ВО ДСУ ,,ИСКРА“ ШТИП учебна 2024/25г

| | Активност | Дата | Место | Број на ученици | Наставник | Освоени награди |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Ликовна работилница “Колонија на различностите“ Прв ден | 05.11.2024г | Дом на млади Штип | 6 | Елена Маневска | |
| 2. | Ликовна работилница “Колонија на различностите“ Втор ден | 06.11.2024г | Дом на млади Штип | 9 | Тоше Тошев Слаѓана Петровска | |
| 3. | Ликовна работилница “Колонија на различностите“ Изложба | 07.11.2024г | Дом на млади Штип | 6 | Јулија Атанасова Слаѓана Петровска | |
| 4. | Ноќна трка по повод денот на | | Пред зграда на | 9 | Александар | Ангела Младеновска прво место |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ослободување на град Штип | 07.11.2024г | Општина Штип | | Митевски<br>Сандра<br>Михаилова<br>Марјана<br>Речаноска<br>Благојче<br>Анастасовски | Душица Стојанова<br>Трето место<br>Никола Спасовски<br>Второ место<br>Естел Мустафов<br>трето место |
| 5 | Ликовен конкурс на ЕВН<br>За чиста животна средина | 13.11.24г | ДСУ„Искра“ Штип | 6 | Тоше Тошев | |
| | | | | | | |
| 6 | Работилница “Ден на толеранција“ | 18.11.24г | Дсу „Искра“ Штип со ученици од ООУ„Тошо Арсов“ Штип | 9 | Данче Сенева<br>Благојка Рунчева | |
| 7. | Вежбање аеробик | 26.11.2024г | | 8 | Јулија Атанасова<br>Елена Маневска | |
| 8. | | | | | | |
| 9. | Регионални спортски игри -исток | 12.12.2024г | Спортска сала „Јордан Мијалков“ Штип | 17 | Александар<br>Митевски<br>Елена Маневска<br>Сандра<br>Михаилова | |
| 10 | Работилница за Новогодишен Базар во ООУ„Димитар Влахов“ Штип | 13.12.2024г | ООУ„Димитар Влахов„ Штип | 7 | Јулија Атанасова<br>Слаѓана<br>Ретровска | |

## 5. СТРУЧНА СЛУЖБА

Во учебната 2024/25 год. Стручната служба во училиштето го сочинуваат два специјалните едукатори и рехабилитатори, два психолога и еден социјален работник.

### 5.1 Полугодишен извештај од работа на специјален едукатор и рехабилитатор

Согласно Годишната програма за работа на училиштето за 2024/25 г. и програмата за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор се реализирани предвидените содржини и активности

- планирање на воспитнато образовна работа;

- следење и унапредувањена воспитно образовната работа со учениците;

- работа со родители;

- соработка со стручни органи, локалната заедница,

- педагошка евиденција и документација;

- аналититичко - истражувачка работа

Специјалниот едукатор и рехабилитатор во учебната 2024/25 година учествуваше во изработка на Годишната програма за работа на училиштето, во следење на начинот на водење на педагошкта евиденција, консултативна работа за водење на педагошката документација, подршка на наставници приправници, распоредувањето на ученици од прва година по струки. Соработка со наставниците и воспитувачите во разрешување на воспитно образовните проблеми со учениците.

Во подрачјето **работа со ученици** специјалниот едукатор и рехабилитатор се насочи кон идентификување и работа на отстранување на причините за проблемите во однесувањето и редовноста на часовите;

- индивидуална работа и советодавно работа со ученици кои покажуваат емоционални потешкотии и социјална неприлагоденост.

Во однос на **Работа со родители** во текот на првото полугодие родителите на учениците од прва година беа информирани за организираноста на воспитно-образовната работа во училиштето и ученичкиот дом. Секојдневни индивидуални разговори со родителите на кои им се дадени насоки и совети за решавање на соодветни проблеми.. Подршка на родителите за учениците кои ги исполнуваа условите за продолжување на средношколска стипендија во прибирање, потполнување на документи и аплицирање. Посета на семејства и советодавна работа со родителите чии деца имаат проблеми во однесувањето и дисциплината.

Во подрачјето **соработка со заедницата** остварена е соработка со образовни, здравствени, социјални институции и др. установи кои допринесуваат за остварување на целите и задачите на воспитно образовната работа; Соработка со локалната заедница за реализација на заеднички активности како одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост 3 декември и слично

Специјалниот едукатор учествуваше во реализација на неколку работилници и активности со учениците кои се реализираа во училиштето и надвор од него. Ученици со свои изработки имаа учество на конкурсот организиран по повод Денот на осигорување 1 ноември.

Од **аналитичко истражувачка работа** изготвена е анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците во првото тромесечје и прво полугодие во учебната 24/25 година, изработка на полугодишен извештај за работа на училиштето во учебната 2024.25 год, изготвување споредбена анализа за успехот на учениците по пол и националност на крајот на првото полугодие.

Во Подрачје:**Професионален развој и професионална соработка** е опфатено: Водење професионално досие на вработените.; Следење на стручна литература, закони, правилници, насоки, упатства од МОН; Координатор на обуките за наставниците и стручните соработници од ДСУОР "Искра" – Штип: сертификат со кој се потврдува присуството., член на УО, и претседател на комисија на ЈН.

**Специјален едукатор и рехабилитатор**

**Јулија Кујунџиева**

## 5.2 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СПЕЦИЈАЛНИОТ ЕДУКАТОР ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Во текот на првото полугодие во учебната 2024/2025 година, во септември и октомври месец спроведена е дефектолошка дијагностика и процена на основното ниво на писменост и основните знаења од областа на математиката, природата и околината на сите ученици од прва година. Исто така, извршени се разговори со родители на ученици од прва година и пополнети се извештаи од разговори со родители. Сите извештаи се проследени до наставниците, воспитувачите и стручната служба.

Во текот на првото полугодие во учебната 2024/2025, се реализирани многубројни воспитно образовни и дефектолошки индивидуални и групни активности како:

- Математички вежби и повторувања;
- Вежби за корекција на говор, повторување на усвоените и продлабочување на знаењата од областа на македонскиот јазик, правопис и граматика;
- Повторување и проширување на знаењата од областа на природата и околината;
- Вежби за телесна шема, латерализација на себе и друг, диференцијација на фината моторика, вежби за ритам и контрола на импулсивноста;
- Вежби за подобрување на вниманието, концентрацијата и графомоториката;
- Ориентација во простор и време;
- Музикотерапија;

- Ликовни и творечки активности;
- Изработка на едукативни материјали и игри од рециклиран материјал;
- Едукативни сезонски и празнични работилници;
- Работа на компјутер, видео презентации и едукативни игри на таблет;

Беа спроведени и:

- Секојдневни советодавни разговори, разрешување конфликти и грижа за менталното и емоционалното здравје на учениците;
- Активна грижа за физичкото здравје на учениците и секојдневни разговори за потребата од одржување на хигиена на телото и просториите за престој;
- Психолошка подршка на учениците;

Специјалниот едукатор  зема учество во:

- Учество во прослави на родендени на ученици;
- Изработка на ракотворби за презентација и афирмација на училиштето и подарување на гости, посетители и донатори;
- Спортски активности на справите во училишниот двор;
- Посета на маркети, прошетки во центарот на градот, непосредната околина и Ново Село;
- Организирање и учество на разни активности за одбележување на 3-ти Декември;

**Специјален едукатор:**

**Јулија Атанасова**

## 5.3 ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ ЗА УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА

Согласно планираната програма за прво полугодие изготвен е извештај за работа на психологот во училиштето.

Во текот на првото полугодие во учебната 2024/2025, се реализирани многубројни воспитно образовни и психолошки индивидуални и групни активности како:

-Индивидуална работа со ученици, разговор и психолошка поддршка;
-Групна работа и групни работилници;
-Следење на интерперсоналните односи (училишна клима) во училиштето на индивидуално и групно ниво;
-Советодавна работа со ученици со емоционални проблеми, социјални потешкотии, разрешување на конфликти, проблеми во однесувањето и сл.;
-Едукативни работилници;
-Ликовни и творечки активности;
-Музикотерапија;
-Креативни работилници со изработки на материјали;
-Активна грижа за физичкото дравје на учениците, совети за одржување лична хигиена;
-Спортски активности;
Организирање на приредби, учество на разни активности за одбележување на 3-ти Декември;

**Изработил**

**Психолог – Елена Маневска**

## 5.4 Полугодишен извештај за работа на психологот за учебна 2024/2025 година

Согласно планираната Годишна програма за работа на психологот во училиштето, Годишната програма за работа на училиштето како и задолженијата кои произлегоа од секојдневното работење на училиштето во текот на првото полугодие е изготвен Полугодишен извештај за работа на психологот.

Извештајот ги опфаќа следните подрачја:

1. Работа со ученици;

- Индивидиуално советување на ученици – вежби за подобрување внимание и концентрација, работа со ученици со проблематично однесување, ученици кои не го почитуваат куќниот ред во училштето и ученичкиот дом ;

- Групно советување на учениците;

- Спроведени работилници и активности од Програмата за ментално здравје на учениците –“Развивање на свесноста за сопствените емоции”, “Справување со емоции”, “Справување со лутина”, ”Справување со тешки искуства”, “Саморегулација и разрешување проблеми”, “Мојот план на неделни активности”;

- Креативни работилници со изработка на материјали;

- Директно учество во разрешување на конфликтни ситуации;

- Директна помош на учениците во справување со кризни ситуации – семејно насилство, развод, болест, смрт;

- Учество во вoннаставни активности со учениците;

- Прибирање на релеванти информации и документи за учениците;

- Следење на успехот и редовноста на учениците;

- Одбележување на позначајни датуми со работилници: “Денот на толеранција”, “Ден на здрава храна”;

- Работилници за личен раст и развој – “Пубертет”.

2. Работа со наставници;

- Педагошко иструктивна и советодавна работа;

- Изготвување на стручни материјали;

- Поддршка на наставниците за работа со родителите.

3. Работа со родители;

- Индивидуални средби со родители;

- Учество во работилници;

- Посета во домашни услови во соработка со социјален работник;

- Информирање на родителите за институции каде можат да добијат соодветна помош;

- Известување на родителите за здравствената состојба на учениците кои се сместени во ученичкиот дом и учениците во училиштето;

- Советување на родители:

Советување на родители со физичко присуство

Прво полугодие Нередовно посетување настава Несоодветно однесување Вкупно

I – III година / 1 1

- Во текот на првото полугодие спроведени се советувања на родители преку телефон и едно советување со физичко присуство во училиштето.

4. Соработка со локална заедница;

- Остварување на соработка со различни институции од локалната заедница (ЈЗУ Здравствен дом, Црвен крст, автобуска станица, основни и средни училишта од општината).

5. Подрачје:Професионален развој и професионална соработка;

- Водење професионално досие на вработените;

- Следење на стручна литература, закони, правилници, насоки, упатства од МОН;

- Координатор на обуките за наставниците и стручните соработници од ДСУОР “Искра” – Штип: сертификат со кој се потврдува присуството;

- Водење на човечки ресурси во училиштето – внесување на податоци за вработените во училиштето во ХРМИС;

- Учество на обуки и семинари:

"Насоки за внесување, ажурирање и проверка на податоците кои задолжително се внесуваат во ИСУЧР/ХРМИС/ за да ефикасно се управува со човечките ресурси и да превенирате можност за блокирање на исплатата на плата од УЈП" – Правоматика;

“Инклузивна педагогија” напредна обука – МОН;

“Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи” напредна обука – МОН.

6. Аналитичко истражувачка работа;

- Анализа на успехот, поведението, изостанувањето учениците, педагошки мерки и сл. и интерпретација на добиените резултати.

7. Училишна структура, организација и клима.

- Изготвување на програма за работа на психологот;

- Извештај за работа на психологот;

- Изготвување на програма за добросостојба и ментално здравје на учениците;

- Извештај за спроведена програма за добросостојба и ментално здравје на учениците.

**Психолог**

**Данче Сенева Спасова**

## 5.5 Полугодишен извештај за работата на социјален работник за учебна 2024/25г

Полугодишниот извештај за работа на социјалниот работник е направен согласно:

-Годишна програма за работа на социјален ранотник за учебната 24/25г, Годишна програма за работа на училиштето, како и задолженијата кои произлегуваат од работата на училиштето.Извештајот ги опфаќа следните подрачја:

**1.Работа со ученици**

- Следење на адаптацијата на учениците од прва година, давање потребна помош и поддршка за полесна адаптација во училиштето и домот
- Интервенирање при несоодветно однесување на учениците;
- Прибирање и доставување на документи за учениците за остварување на право на стипендии за ученици со посебни образовни потреби (вкупно **49** ученика )
- Советодавна работа ( индивидуална и групна ) со учениците со емоционални проблеми, проблеми во однесувањето.
- Реализирање на едукативни работилници за ментално здравје во соработка со психоллогот и тоа: „Развивање на свесноста за сопствените емоции", „Справување со тешки искуства", „Саморегулација и разрешување на проблем"
- Учество во ликовна работилница „Колонија на различности", Новогодишни работилници во соработка со ученици од основни и средни училишта.
- Приготвување на солена и блага храна(бомбици и проја) заедно со учениците, одбележување на „Денот на здрава храната", работилница во соработка со родители и наставниците по македонски јазик, прослава на родендени.
- Грижа за здравјето на учениците и посета на лекар – една.
- Организира превоз на учениците во училиштето и домот на дневна основа, неделна и месечно.

**2.Работа со родители**

- Прибирање на информации и податоци од родителите значајни за развојот и унапредувањето на учениците,за изготвување на **социјална анамнеза** за секој ученик и изготвување на **социјална карта на класот**.
- Континуирано информирање на родителите за состојбата на децат во училиштето и домот,за нивната адаптација. Тековно информирање на родителите за терминот за заминување односно испракање на учениците дома.
- Индивидуална советодавна работа со родителите заради полесно решавање и надминување на проблемите на нивните деца.
- Увид во семејство кај ученици со проблематично однесување, прво полугодие - 3 посети во семејсатва(Ангел Божинов, Иван Димитриев, Мартин Манев).
- Информирање на родителите за правата, обврските и бенефиции кои може да ги добијат и упатување до релевантни институции за помош(детски додаток, образовен додаток).

**3.Работа со наставници**

- Советодавна работа со наставниците околу изборот на струка на учениците.
- Доставување на социјална карта на класот на наставниците,и социјална анамнеза на воспитувачите.
- Консултативо-советодавна работа со наставниците и воспитувачите при разрешување на ситуации кај ученици со девијантно однесување.
- Континуирано информирање на наставно - воспитниот кадар за пристигнување, заминување и отсуство на учениците заради здравствени и др.проблеми.

**4.Соработка со локалната заедница**

- Соработка со образовни,здравствени,социјални институции и установи.(ЦСР –Штип,Здравен дом –Штип, ,основни и средни училишта)

- Учествоо во ликовен конкурс организиран од Министерство за култура на РСМ„ Колонија на различности“во организација на Дом на млади -Штип
- Соработка со Црвен крст на РСМ -едукативни работилници.
- Соработка со Национална установа-Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“-Штип

**6.Аналитичко- истражувачка работа**

- Анализа  на Социјална структура на семејствата на учениците во ДСУ„Искра“-Штип во учебната 24/25г

**7.Училишна структура,организација и клима**

- Изготвување на Годишна прорма за работа на социјален работник
- Изготвува Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2023/24г
- училишта.
- Изработка на записници од состаноци на Наставнички совети
- Доставува извештај до МОН за бројот на запишани и сместени ученици во домот заради остварување на правото на партиципација,
- Доставува извештај до МОН за бројот на запишани и сместени ученици во домот заради остварување на правото на патни трошоци.
- Доставува извештај  на учениците до ЦСР

**Социјален работник**
**Слаѓана Петровска**

Во првото полугодие во учебната 2024/25 г. реализирани се три родителски средби, одржани 3 состаноци на Наставничкиот совет. На родителските состаноци родителите беа информирани преку евидентните листови за поединечниот успех и редовноста на секој ученик во паралелката за успехот и редовноста на учениците за првото тримесечије и првото полугодие од учебната 2024/2025 год.

| | |
|---|---|
| **Стручна служба** | **ДСУ,,Искра,,- Штип** |
| **Јулија Кујунџиева, спец.едукатор** | **Д и р е к т о р** |
| **Слаѓана Петровска, соц.работник** | **Марјанчо Арсов** |